**Република македонија**
**Државна изборна комисија**
**Бр 07-483 / 2**
**21 февруари 2014 година**

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11 – Пречистен текст, 142/12, 14/14 и 32/14 –Пречистен текст )), Државната изборна комисија на седницата одржана на 21 февруари 2014 година, го даде следното

# УПАТСТВО
## за примена на член 112-а од Изборниот законик
## -за лица со посебни потреби-

За избирачи-лица со посебни потреби, кои не можат да влезат односно пристапат во гласачкото место, избирачкиот одбор е должен на овие лица да им овозможи на соодветен начин да влезат односно пристапат во гласачкото место за да го остварат своето право на глас.

Доколку овие лица со себе не довеле лице кое ќе му помогне при влезот односно пристапот во гласачкото место, во таков случај избирачкиот одбор е должен да определи лица од редот на избирачите кои во тој момент се затекнале во гласачкото место да му помогнат на избирачот со посебни потреби да влезе односно пристапи во гласачкото место за да го оствари своето право на глас.

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Никола Рилкоски